**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**
**„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ "**
**Македонски Брод**
Ул:Партизанска бр33 6530 Македонски Брод
тел/фах 045 - 274-131
www.oouklimentohridski.edu.mk
e-mail:oukliment@yahoo.com
ou-svklimentohridski-makedonskibrod@schools.mk

ООУ "Св. Климент Охридски" Македонски Брод

Република Северна Македонија
Основно општинско училиште
„Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
Бр. 01-118/1
10.03. 2025 год.
МАКЕДОНСКИ БРОД

# П Р О Г Р А М А

За реализација на дводневна екскурзија

со учениците од VI (шесто) одделение



март, 2025 г. Раководител на екскурзијата Директор

Мак.Брод Наташа Стојкоска Тони Ставрески

Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование („Службен весник на Република С. Македонија" бр.161/19) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од министерот за образование и наука и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Св. Климент Охридски" од Македонски Брод бр.01-551/5 од 15.08.2024 година за учебната 2024/25 година е изготвена:

# ПРОГРАМА

за изведување на дводневна екскурзија со учениците од VI (шесто) одделение од

ООУ „Св. Климент Охридски " од Македонски Брод

## ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Цел на екскурзијата:**

- совладување нови знаења;
- проширување на знаења;
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите;
- однос во природата и општествената средина;
- да се посетат и доближат природните реткости на овој дел. Посетувајќи ги овие места да се создаде и поттикне љубов кон сопствената татковина, зачувување на сѐ она што е убаво и што е дадено од природата, внимавајќи при тоа и на еколошкиот аспект;
- да се посетат културно-историските споменици што гравитираат во овој дел;
- да се развие љубов и патриотско чуство кон својата татковина;
- со посетата на работните колективи да се создадат позитивни навики кон работата и љубов кон истата;
- учениците да ја воочат потребата од постојана работа и постојано создавање на добри дела;
- да се развие и другарството меѓу учениците.

## ЗАДАЧИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:

- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во оделни краеви
- Градење на чувство за патриотизам.толеранција и соживот
- Развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- Потикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

Наставно-научната екскурзија ќе се реализира во два дена во месец МАЈ 2025 год.

**ОДГОВОРНИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

Одговорни за реализирање на екскурзијата се одделенските раководители во паралелките во шесто одделение:

*Наташа Стојкоска- претседател на тимот, класен раководител на VI-2*

*Јасмина Батанџиовска VI-1*

*Горан Ѓуроски П.У.Самоков*

**ЛОКАЦИИ НА ПОСЕТА И ПРАВЦИ**

Македонски Брод – Прилеп -Битола – Охрид – Струга –- Дебар – Маврово – Кичево – Македонски Брод.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**

***ПРВ ДЕН***

Македонски Брод -Прилеп Битола – посета на локалитетот Хераклеа, и посета на историскиот музеј во Битола (ручек). Се продолжува во правец на Охрид, посета на Билјанини извори, посета Наколно живеалиште „Град на вода", прошетка низ Охрид во попладневните часови. Сместување во хотел во вечерните часови.

## Хераклеа

Античкиот локалитет Хераклеа Линкестис се наоѓа на јужната периферија на градот Битола, во подножјето на планината Баба. Името го носи според Херакле, митскиот јунак. Тука ќе биде организирано предавање поврзано со историјата на овој локалитет, ќе се разгледуваат амфитеатрите, древните рушевини и пронајдени предмети.





## Историски музеј-Битола





Историски музеј – Битола.

## Наколно живеалиште- град на вода

Наколно живеалиште „Град на вода“ и археолошко наоѓалиште на праисториска наколна населба од доцнобронзеното и раножелезното време. Сместен е до полуостровот и автокампот Градиште, меѓу селата Пештани и Трпејца.

Учениците ќе бидат воодушевени од убавината и оригиналноста на наколното живеалиште Заливот на коските во бисерот на нашата држава.- градот Охрид и Охридското Езеро. Покрај тоа, ќе можат да го разгледаат примитивниот начин на живот кој постоел во минатото преку веродостојните наколни колиби.





*ВТОР ДЕН*

Појадок, посета на Охрид Лихнидос, Стари град, Антички театар, посета на Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“; Црква„Св.Јован Богослов“ - Канео. Тргнување кон Струга, посета на спомен куќата на Браќата Миладиновци и манастирот “Св. Богородица” с. Калишта, Струга (ручек). Попатна посета на Манастир „Св. Георгиј Победоносец”- Рајчица, Бигорски Манастир„Св. Јован Крстител“, кањонот на река Радика, Национален парк Маврово - Македонски Брод.

## Самоилова тврдина, Канео, Црква “Св. Софија”-Охрид









**Самуиловата тврдина**, позната и како Самоиловата тврдина - средновековна тврдина во градот Охрид, првично изградена од кралот Филип II Македонски, а подоцна наречена по средновековниот цар Самоил. Самуиловата тврдина се смета за едно од најголемите утврдувања зачувани во РС Македонија. Првпат била спомената од страна на историчарот Тит Ливиј во III век п.н.е, уште додека била тврдина на градот Лихнид.

**„Свети Јован Богослов Канео“** - една од најпознатите цркви во Охрид, на карпестиот рид над плажата Канео во стариот дел на градот.

**„Света Софија“** - катедрален црковен храм во стариот дел на градот Охрид во југозападниот дел на Република Северна Македонија. Посветена е на Христос како Божествена Премудрост т.е. Св. Софија. Оваа црква претставува еден од најзначајните знаменитости во РС Македонија со нејзината средновековна архитектура и фрески. Ова е една од најголемите средновековни цркви на овие простори.

Богатата историска и црковна традиција која постои на територијата на градот Охрид е нешто со кое учениците ќе се запознаат во текот на оваа наставно- научна екскурзија.

## Спомен куќата на браќата Миладиновци




Значењето на Миладиновци за македонската национална културна историја и традиција е капитално. Тие со своето богато извонредно творештво што и го оставија во наследство на Струга и на Република Северна Македонија, се истакнати начелата и важноста на националната борба за самобитност, посебностите на македонскиот народ, неговата култура, традиција и историја. Учениците ќе имаат можност да го посетат спомен-домот на браќата Миладиновци, објект препознатлив по автентичната старградска архитектура.

## Манастир “Св. Богородица” с. Калишта Струга




Рождество на Пресвета Богородица -пештерна црква која се наоѓа во Калишкиот манастир во струшкото село Калишта. Потекнува од XIV век. Оваа црква е основата на самиот манастирски комплекс. Црквата се наоѓа во карпа и во неа се наоѓаат три монашки ќелии - две на првиот кат и една на вториот кат. Во близина на црквата има две исцелителни води посветени на Свети Петар и на Свети Ананија. Пештерната црква „Рождество на Пресвета Богородица” во Калишкиот Мнанастир, струшко е на списокот на објектите прогласени за културно наследство на Република Северна Македонија

## Манастир „Свети Јован Бигорски“

Името на манастирот доаѓа поради фактот што објектот бил изграден од бигор. Бигорскиот манастир го сочинуваат манастирската црква која е посветена на Јован Крстител, костурницата,

сместена до самата црква, сејменската одбранбена кула, комплексот манастирски конаци, како и новоизградените гостински конаци. Во него се наоѓа ненадминатиот иконостас изработен во резба.






## Манастир „Св. Георгиј Победоносец“




**Рајчички манастир** (понекогаш и како Рајчки манастир или Рајчички манастир) - преродбенички манастир во дебарското село Рајчица. Прогласен е за споменик на културата на Република Северна Македонија. Тој претставува женски манастир и е метох на Бигорскиот манастир. Овој манастир се претпоставува дека е основан во почетокот на XIV век, како метох на Бигорскиот манастир.

Манастирот во селото Рајчица се наоѓа во непосредна близина на градот Дебар, оддалечен на само 2 километри од центарот на градот. Овој женски манастир е еден од најубавите македонски манастири, сместен во прекрасна природа, каде владеат спојот и мирот.

## ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Екскурзијата ќе се изведува со правни лица кои ги исполнуваат следниве услови:

- да се регистрирани според прописите во РСМ за вршење на соодветна туристичка дејност
- да имаат успешно завршено најмалку 3 ученички екскурзии и други слободни ученички активности во последните 3 години
- да ги исполнуваат условите за превоз на група ученици согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата  и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи на деца.
- Автобусот да биде климатизиран
- Да има обезбедено лекар

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:

Финансиските средства ги обезбедуваат родителите /старателите на учениците.

## АНАЛИЗА НА НАСТАВНО – НАУЧНАТА ЕКСКУРЗИЈА

По изведувањето на наставно- научната екскурзија да се изврши анализа и да се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници.

**ЗАБЕЛЕШКА**: Секоја измена од техничка природа на  барање на агенцијата ќе биде земена во предвид, доколку е  во согласност со програмата.

Март, 2025 година

М. Брод

**ИЗРАБОТИЛ:**

Наташа Стојкоска